

ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ

МЦМС

ОДГОВОРНОСТ

Одговорност за општествените прашања.

СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА

Поминување време со роднини, пријатели, колеги, во рекреација...

ЈАВЕН ДУХ

Почитување на законските обврски од страна на граѓаните.

ПОЛИТИЧКА АКТИВНОСТ

Учество на граѓаните во политички непартиски активности.

ВОЛОНТИРАЊЕ

Доброволна активност во заедницата.

УЧЕСТВО

Учество и активност на граѓаните во организаците на граѓанското општество.

ДАРУВАЊЕ

Добротворство преку работа, средства, знаење и/ли добра.

ЖИВОТНА СРЕДИНА

Одговорност кон животната средина и природата.


ЖИВОТ

Ставови за животот поврзани со правото на избор на живот и на употреба на насилство.

ЈАВЕН ДУХ

Поддршката на владеењето на правото или на јавниот дух е истражувана преку пет прашања.

Графикон 1. Оправданост на барањето бенефиции за кои се нема право, неплаќање на комуналните услуги, мамењето за данок, избегнувањето да се плати јавниот превоз и да се даде/ прими мито



Постои поддршка на големо мнозинство граѓани за плаќање данок (92,2 %), комунални услуги (91,2 %), јавен превоз (92,3 %), како и недавање/ примање мито (92,8 %). Помала е поддршката на ставот да не се бараат бенефиции од Владата за кои граѓаните немаат право (85,4 %).

Јавниот дух е во пораст во однос на 2007 година, како и претходното истражување во 2004 година. Поддршката за плаќање данок е зголемена на 92,2 % од 80,8 % во 2007 година. Слично е со комуналните услуги и јавниот превоз за кои поддршката во 2007 година изнесувала 78,4 %, односно 79,9 %. Зголемен е бројот и на оние кои сметаат дека не е оправдано да се бараат бенефиции од Владата за кои граѓаните немаат право на 85,4 %, од 57,8 % во 2007 година. Ставовите за мито се мерат за првпат.

Јавниот дух, односно поддршката е хомогена. Малку помала поддршка на ставот за небарање бенефиции има кај граѓаните во руралните подрачја (80,9 %) и кај оние со најниски примања (79,4 %). Слично е и кај поддршка за плаќање комунални услуги (86,8 %) и јавен превоз (88,2 %), карактеристично за оние со најниски примања.

Еден дел од одговорите имаат поддршка и во реалноста. Бројот на поднесени годишни пријави за данок од персонален приход е зголемен од околу 30.000 пријави за 2006 г., на над 100.000 пријави за 2008 г. Од друга страна, во друго истражување во 2008 г. околу 71 % од граѓаните одговориле дека редовно ги плаќаат сметките за вода, што укажува на значаен дел на граѓани кои не оправдуваат неплаќање, иако и самите не плаќаат редовно или воопшто.

Заклучок

1. Поместување кон умерен степен на јавен дух во Македонија

Во 2007 г. Македонија имаше низок кон умерен степен на јавен дух, поради оправдувањето на неплаќање данок, јавен превоз, комунални услуги и барање бенефиции од Владата за кои граѓаните немаат право. Во 2009 година Македонија се поместува кон умерен степен на јавен дух.

Критичка точка сè уште е оправдувањето на барање бенефиции од Владата за кои граѓаните немаат право.